ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ЗА ГОНЕЊЕ НА КРИВИЧНИ ДЕЛА ПОВРЗАНИ И КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД СОДРЖИНАТА НА НЕЗАКОНСКОТО СЛЕДЕЊЕ НА КОМУНИКАЦИИТЕ
СКОПЈЕ

**КО.бр.4/17**

**Скопје, 30.03.2017 година**

**До:**

**Врховен Суд на Република Македонија**

**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 35 став 1 од ЗКП поднесувам:

**БАРАЊЕ ЗА ИЗЗЕМАЊЕ**

На 27.03.2017 година Јавното Обвинителство на Република Македонија има поднесено барање за заштита на законитоста со кое што бара укинување на решенијата на Основниот Суд Скопје I Скопје КС.бр.417/17 од 07.03.2017 година и на Апелациониот суд во Скопје КСЖ бр. 135/17 од 15.03.2017 година, со кои што му е определен притвор на Сеад Кочан  и предлага предметот да се врати на повторно судење и одлучување.

Со овој писмен поднесок барам иземање на Претседателот на Врховниот Суд Судијата Јово Вангеловски, поради постоење околности кои предизвикуваат сомневање во неговата **непристрасност** што е причина за иземање на судијата врз основа на член 33 став 2 од Законот за кривичната постапка (Сл. Весник 150/10). Стравувањата околу непристрасноста на судијата Јово Вангеловски се засноваат врз јавно објавениот разговор (Транскрипт од истиот ќе биде доставен во прилог)  помеѓу поранешниот Министер за Транспорт и Врски Миле Јанакиевски и судијата Јово Вангеловски кој што и тогаш бил Претседател на Врховниот Суд на Република Македонија, а е во врска со предметот „Глобал“. Овој разговор ја доведува во прашање непристрасноста на судијата Јово Вангеловски да постапува по ваков тип на предмети, поради постоењето на реална опасност од неговата претходна заинтересираност за решавање на предметот во определена насока.

Во пресудите добро познати на Врховниот суд на РМ, во случаите *Поповски и Дума против РМ; Геровска – Попчевска против РМ; Јакшовски и Трифуновски против РМ; Митров против РМ и Митриновски против РМ*, Европскиот Суд за Човекови Права многу јасно ја образлага и применува сопствената јуриспурденција за оценка на пристрасноста на судот како една од основните гаранции на членот 6 од ЕКЧП.

Имено, непристрсноста значи отсуство на предубедување или субјективност, што треба да се утврди или согласно т.н. *субјективен тест* (личната убеденост и

постапувањето односно однесувањето на определен судија, во смисла на тоа дали истиот имал лично предубедување или пристрасност во конкретен случај), како и согласно т.н. *објективен тест* (дали судот и неговиот состав даваат доволно гаранции за да се исклучи каков било легитимен сомнеж во однос на неговата непристрасност).

Судот во таа смисла повеќе пати го нагласува значењето и на објективната непристрасност, како важна дополнителна гаранција, особено во случаи кога е тешко да се прибаваат доволно докази со кои би се соборила презумпцијата за субјективната непристрасност на судијата. Во таа смисла дури и привидот, или постоењето на можности за пристрасност е од сериозно значење со оглед на довербата во јавноста која треба да ја влеат судовите во едно демократско општество.

**Од овие причини барам од Врховниот суд на општа седница врз основа на член 36 став 2 од ЗКП да донесе решение со кое што се иззема Претседателот на Врховниот Суд Јово Вангеловски од постапувањето по вонредниот правен лек „Барање за заштита на Законитоста“ поднесено од страна на Јавното Обвинителство на Република Македонија во врска со решенијата на Основниот Суд Скопје I Скопје КС.бр.417/17 од 07.03.2017 година и на Апелациониот суд во Скопје КСЖ бр. 135/17 од 15.03.2017 година.**

**Ова барање да се има предвид при одлучувањето на судот по поднесокот НСК-КО.бр.4/2017 од 29.03.2017 година на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, со кој поднесок го повлекуваме барањето за заштита на законитоста.**

**Јавен обвинител за гонење на кривични дела**
**поврзани и кои произлегуваат од содржината**
**на незаконското следење на комуникациите**
**Катица Јанева**

Прилог:

- Транскрпит од разговорот помеѓу Претседателот на Врховниот Суд Јово Вангеловски и поранешниот Министер за Транспорт и Врски Миле Јанакиевски